Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR
Арх.бр. УП1-15 1956/2021

Дата: 3 1 -12- 2021

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Општина Велес се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотовалтаични електрани на КП 440/2, КП 441/1, КП 442, КП 441/2, КП 425, КП 426 и КП 424 во КО Оризари вон г.р., Општина Велес.** Површината на предметниот опфат изнесува 3.33 Ха
2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. Y27221** се составен дел на Решението.
3. Условите за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотовалтаични електрани на КП 440/2, КП 441/1, КП 442, КП 441/2, КП 425, КП 426 и КП 424 во КО Оризари, Општина Велес, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.
4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградбата на површински соларни и фотовалтаични електрани на КП 440/2, КП 441/1, КП 442, КП 441/2, КП 425, КП 426 и КП 424 во КО Оризари, Општина Велес, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштитна на животната средина и подзаконски акти донесени врз нива основа.
5. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за изградба на површински соларни и фотовалтаични електрани на КП 440/2, КП 441/1, КП 442, КП 441/2, КП 425, КП 426 и КП 424 во КО Оризари вон г.р., Општина Велес, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторнион план на Република Македонија.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 106 212
www.moepp.gov.mk

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Охрид, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 38407 од 28.09.2021 год., до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Условите за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотовалтаични електрани на КП 440/2, КП 441/1, КП 442, КП 441/2, КП 425, КП 426 и КП 424 во КО Оризари вон г.р., Општина Велес.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотовалтаични електрани на КП 440/2, КП 441/1, КП 442, КП 441/2, КП 425, КП 426 и КП 424, КО Оризари вон г.р., Општина Велес и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1956/2021 од 24.12.2021 година.

Условите за планирање на просторот **за изградба на површински соларни и фотовалтаични електрани на КП 440/2, КП 441/1, КП 442, КП 441/2, КП 425, КП 426 и КП 424, КО Оризари вон г.р., Општина Велес** претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

Република Северна Македонија, Министерство за животна средина и просторно планирање, Скопје / Republika e Maqedonisë së Veriut, Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor, Shkup

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Изготвил: Раиф Сулејмани

Одобрил: Соња Фурнаџиска